# ПРОГРАМА
# ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО
# ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2010 ГОДИНА

## I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година во вкупен износ од 5 326 700 000,00 денари, обезбедени согласно раздел 14001 програма 3 потпрограма 30 ставка 464 разни трансфери во износ од 17 000 000,00 денари, раздел 14004 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери во износ од 5 309 700 000,00 денари, од Буџетот на Република Македонија за 2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.7 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со следните потпрограми и тоа за:

| Точка | Име на потпрограма | Вкупен износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за растително производство | 2 937 000 000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за сточарско производство | 1 733 100 000,00 |
| 3. | Финансиска поддршка за воведување стандарди за безбедност во земјоделско производство и контрола на квалитет | 20 000 000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за органско земјоделско производство | 70 800 000,00 |
| 5. | Општи мерки за развој на земјоделството | 61 000 000,00 |
| 6. | Нереализирани обврски во 2009 година | 504 800 000,00 |
| | Вкупно | 5 326 700 000,00 |

## II

Средствата од дел I точка 1 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за растително производство во износ од 2 937 000 000,00 ќе се користат според намените, критериумите, условите и височините утврдени во следните мерки:

| Точка | Вид на мерка | Критериум | Висина на поддршка |
|---|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за растително производство | | |
| Пот-точка | Плаќања по обработлива поледелска површина | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1. / 1.4. | Финансиска поддршка по обработлива земјоделска површина за полјоделски култури / Дополнителна финансиска поддршка за производство под контролирани услови за производство (домати, пиперки, краставици и режано цвеќе) од потточка 1.3. во 2010 | - Минимум засеана површина од 0,3 / 0,2 ха во заштитен простор / секоја култура одделно; под контролирани услови; - со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха: - Производство и продадена количина на домашен пазар или остварен извоз до 15.05.2010 година; - од 0,3 до 20 ха-100% ; - од 20,1 до 100 ха-60%; -од 100,1 до 300 ха- 30%; -над 300 ха - 10% | 80 000,00 ден/ха |
| | Дополнителна | -за градинарски култури | 8 000,00 ден/ха |
| 1.5. / 1.2. | Дополнителна финансиска поддршка за градинарски култури / за засеани површини со житни култури од потточка 1.1 со сертифициран семенски материјал / продадени во преработувачка индустрија од потточка 1.3. во 2010 | - Минимум засеани површини од 0,3 ха за секоја култура одделно - со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха: / продадени во преработувачка индустрија за зеленчук до 31.10.2010 година според склучени договори; - од 0,3 до 20 ха-100% ; - од 20,1 до 100 ха-60%; -од 100,1 до 300 ха- 30%; - над 300 ха - 10%; -по прифатлива количина семе за просечна сеидбена норма по хектар кај житните култури | 1,50 ден/кг |
| | Плаќања за лозови и овошни насади | | |
| 1.6. | Финансиска поддршка по површина за одржување на постоечки лозови насади евидентирани во регистарот на лозови насади заклучно со 30.11.2010 година | - минимум 0,2 ха -со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха: -од 0,2 до 5 ха - 100 %; -од 5,1 до 30 ха - 60%; -од 30,1 до 50 ха -30%; -над 50 ха - 10 % | 2 500,00 ден/ха / 40 000,00 ден/ха |
| 1.7. / 1.3. | Финансиска поддршка по обработлива земјоделска површина за градинарско производство / Финансиска поддршка по површина за одржување на постоечки овошни насади | - Минимум засеани површини од 0,2 ха / -минимум 0,3 ха -со редуцирање на висина на поддршка со зголемување на пријавените ха: -од 0,3 до 5ха - 100 %; -од 5,1 до 30 ха - 60%; -од 30,1 до 50 ха - 30%; -над 50 ха - 10 % -прифатлив број на садници по хектар | 18 000,00 ден/ха |
| | | | 20 000,00 ден/ха |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.8. | Финансиска поддршка за подигање на нови лозови насади евидентирани во регистарот на лозови насади заклучно со 30.11.2010 година | *-доказ за извршена агрохемиска анализа<br>- подигнати лозови насади на површини со минимална површина од 0,2 ха во период есен 2009 и пролет 2010 година<br>- според листа на одобрени и препорачани сорти<br>-прифатлив број на сертифициран калем за посадочен материјал по хектар* | 140 000,00 ден/ха |
| 1.9. | Финансиска поддршка за подигање нови овошни насади | *-доказ за извршена агрохемиска анализа<br>- подигнати овошни насади на површини со минимална површина од 0,2 ха во период есен 2009 и пролет 2010 година<br>-по прифатлив број на сертифициран посадочен материјал по хектар* | 90 000,00 ден/ха |
| | Плаќања за тутунско производство | | |
| 1.10. | Финансиска поддршка за произведен и предаден ориентален ароматичен и полуориентален суров тутун од реколта 2009 година | - произведен и предаден ориентален и полуориентален тутун во регистрирано тутунско претпријатие – откупувач на тутун | 60,00 ден/кг. |
| | Плаќања за производство на саден и семенски материјал | | |
| 1.11. | Финансиска поддршка за производство на домашен сертифициран семенски материјал за житни, индустриски (освен тутун), и градинарски култури | *- произведен сертифициран семенски материјал во 2010 година од регистрирани производители<br>- минимум засеани површини на 0,3 ха за секоја култура* | 14 000,00 ден/ха |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *одделно* | |
| 1.12. | Финансиска поддршка за производство на домашен лозов калем и овошен саден материјал | *- Произведен домашен лозов калем и овошен саден материјал во 2010 година од регистрирани производители* | 15,00 ден/калем/ садница |
| 1.13. | Финансиска поддршка за производство и доработка на домашно сертифицирано тутунско семе | *-произведен и продаден сертифициран семенски материјал во 2010 година од регистрирани производители на тутунско семе* | 60 000,00 ден/ха |
| | Посебни плаќања во растителното производство | | |
| 1.14. | Финансиска поддршка за извршени агрохемиски или педолошки анализи на почва во 2010 година | *-за извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2010 година по барател* | 70% од трошоците за анализа но не повеќе од 9 000,00 денари по барател |
| | ВКУПНО ДЕНАРИ | | 2 937 000 000,00 |

III

Средствата од дел I точка 2 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за сточарското производство во износ од 1 733 100 000,00 ќе се користат според намените, критериумите, условите и висините утврдени во следните мерки:

| Точка | Вид на мерка | Критериум | Висина на поддршка |
|---|---|---|---|
| 2. | Финансиска поддршка за сточарско производство | | |
| Пот-точка | Плаќања за говедарство | | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за обележани грла говеда | *- со редуцирање на поддршка во однос на бројот на обележени грла*<br>*- од 1 до 80 -100%,*<br>*- од 81 до 150 - 60%,*<br>*- од 151 до 300 - 40%,*<br>*- над 301 - 20%* | 2 500,00 ден/грло |
| 2.2. | Финансиска поддршка за произведено и | *- продадено млеко во период октомври 2009-* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | продадено кравјо млеко | *септември 2010 година во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло* | 2,50 ден/литар |
| 2.3. | Финансиска поддршка за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет | *- заклани грла во период октомври 2009 – септември 2010 година во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло* | 1 500,00 ден/грло |
| 2.4. | Финансиска поддршка за добиено теле по пат на В/О | *- добиено и регистрирано теле во период октомври 2009-септември 2010 година<br>- добиено теле од регистрирани грла осеменети по пат на В/О* | 1 200,00 ден/грло |
| 2.5. | Финансиска поддршка за набавка на високостелни јуници со познато потекло и висок генетски потенцијал | *- Набавени максимум 5 високостелни педигрирани јуници во период јануари – септември 2010 година приплоден добиток* | 35% од вредноста на набавените грла но не повеќе од 30.000,00 денари по грло |
| | Плаќања за овчарство | | |
| 2.6. | Финансиска поддршка за обележани грла овци од сите категории | *- минимум 30 грла од сите категории* | 900,00 ден/грло |
| 2.7. | Финансиска поддршка за набавка на машки приплодни грла - оригинали и репродуктори | *-Набавени машки приплодни грла во период јануари – септември 2010 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток* | 50% од набавната вредност но не повеќе од 15 000,00 денари по грло оригинали и 5 000,00 денари по грло репродуктори |
| | Плаќања за козарство | | |
| 2.8. | Финансиска поддршка за обележани грла кози | *- минимум 10 грла кози од сите категории* | 800,00 ден/грло |
| | Финансиска поддршка | *-набавени приплодни* | 50% од набавна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.9. | за набавка на приплодни машки грла | *машки грла во период јануари- септември 2010 година од регистрирани одгледувалишта на приплоден добиток* | вредност, но не повеќе од 4 500,00 ден./ грло |
| | Плаќања за свињарство | | |
| 2.10. | Финансиска поддршка по грла маторици | *- минимум 2 грла маторици* | 700,00 ден/грло |
| 2.11. | Финансиска поддршка за одгледани и заклани гоеници во кланични капацитети | *- со редуцирање на поддршка во однос на бројот на предадени грла:*<br>*- од 5 до 5.000 -100%,*<br>*- од 5.000 до 10.000 - 80%,*<br>*- од 10.000 до 15.000 - 50%,*<br>*- над 15.000 - 30%.*<br>*- одгледани и заклани минимум 5 грла во регистрирани кланични капацитети*<br>*- минимална тежина од 90 кг по продадено грло*<br>*- период на колењеод октомври 2009 до септември 2010 година* | 1 000,00 ден/грло |
| 2.12. | Финансиска поддршка за набавка на приплодни грла свињи (назимки и нерези) | *- Набавени приплодни грла со педигре од регистрирани одгледувалишта на добиток*<br>*независно од вредноста на набавката на приплодни грла хибриди*<br>*- период на набавка од октомври 2009 - септември 2010* | -50% од набавната вредност, но не повеќе од 20.000,00 ден/грло независно од вредноста на набавката на приплодни грла оригинали<br>- 50% од набавната вредност, но не повеќе од 5 000,00 ден./грло |
| | Плаќања за живинарство | | |
| 2.13. | Финансиска поддршка за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични | *- најмалку 1.000 одгледани и заклани бројлери во период октомври 2009 -* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | капацитети | *септември 2010* | 25,00 ден/пиле |
| 2.14. | Финансиска поддршка за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети | *- за фарми со минимум 2.000 несилки<br>- Продадени несилки во период октомври 2009 - септември 2010 година* | 22,00 ден/несилка |
| 2.15. | Финансиска поддршка за произведени еднодневни бројлерски пилиња | *Произведени и предадени пилиња во период октомври 2009 - септември 2010 година* | 3,00 ден/пиле |
| 2.16. | Финансиска поддршка за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди | *Произведени и предадени пилиња во период октомври 2009 - септември 2010 година* | 3,00 ден/пиле |
| | Плаќања за пчеларство | | |
| 2.17. | Финансиска поддршка по регистрирано презимено пчелно семејство | *- минимум 35 семејства* | 500,00 ден/пчелно семејство |
| 2.18 | Финансиска поддршка за набавка на матици | *- за пчелари кои поседуваат најмалку 15 пчелни семејства - нуклеуси.<br>- за купени најмногу 10 матици* | 350,00 денари по набавена матица независно од вредноста на набавката |
| 2.19. | Финансиска поддршка за подигање на нови површини под медоносна флора (фацелија, еводија и багрем) | *- за пчелари кои поседуваат минимум 35 пчелни семејства,<br>- посеана или засадена површина на минимум 0.2 ха* | 2 500,00 ден/ха и 8,00 ден./ садница |
| | Плаќања за алтернативно сточарство | | |
| 2.20. | Финансиска поддршка за фармерско одгледување на ноеви | *- регистрирано одгледувалиште со минимум 4 возрасни единки* | 1 700,00 ден/глава |
| 2.21. | Финансиска поддршка за фармерско производство на полжави | *- регистрирано одгледувалиште со минимум 0,2 ха вкупна производна површина на фармата* | 90 000,00 ден/ха |
| | ВКУПНО ДЕНАРИ | | 1 733 100 000,00 |

IV

Средствата од дел I точка 3 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за спроведување на стандарди за квалитет и безбедност на храна во износ од 20 000 000,00 ќе се користат според намените, критериумите, условите и висините утврдени во следните мерки:

| Точка | Вид на мерка | Критериум | Висина на поддршка |
|---|---|---|---|
| 3. | Финансиска поддршка за воведување стандарди за безбедност во земјоделско производство и контрола на квалитет | | |
| Пот-точка | Регистрација и добивање право на користење на географска ознака (ГО), ознака за потекло (ОП) и традиционален специјалитет (ТС) | | |
| 3.1 | Финансиска поддршка за компензација на производни трошоци по заштитен производ од животинско и растително потекло | *- за упис во регистар на корисници на заштитени географски називи на заштитен производ по ГО, ОП, или ТС од растително и животинско потекло во 2010 година* | -250 000,00 денари по заштитен производ по ГО, ОП, или ТС од животинско потекло<br><br>- 300 000,00 денари по заштитен производ по ГО, ОП, или ТС од растително потекло |
| 3.2. | Финансиска поддршка за корисници на заштитен географски назив | *- заштитен производ по ГО, ОП или ТС, упишан во регистар на корисници на заштитени географски називи во ДЗИС* | -5% од вредноста на продадениот производ, но не повеќе од 150 000,00 денари по корисник |
| 3.3. | Дополнителна финансиска поддршка за производство на суровина за земјоделски прехранбен производ со заштитен географски назив | *Производство/Одгледување и продажба на количината од употребената суровина за земјоделски прехранбен производ со заштитен географски назив предадена во преработувачки капацитети* | - 0,50 ден/кг./литар продадена суровина за потточките од точките 1 и 2 |
| 3.4. | Финансиска поддршка за изработка на елаборат за заштита на географски назив на одделни | *Изработен и регистриран елаборат за производи со* | до 200 000,00 денари по елаборат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | земјоделски производи и преработки | *заштитен географски назив (биено сирење, овчо бело сирење, кравјо бело сирење, овчи кашкавал, македонско јагне, скопски домат-јабучар, преспански ајдарет) од Државниот завод за индустриска сопственост* | |
| 3.5. | Финансиска поддршка за контрола и сертификација за заштита на географски назив на одделни земјоделски производи и преработки | | 50% од трошоците за контрола и сертификација по заштитен производ |
| 3.6. | Финансиска поддршка за запишување во меѓународен регистар за заштита на географскиот назив | *-извршена регистрација во меѓународен регистар - според Лисабонски договор* | 100% надоместување на трошоците за пријавување заштита на производ со заштитен географски назив |
| 3.7. | Финансиска поддршка за спроведување на кампања за промоција на македонските земјоделско-прехранбени производи со заштита на географскиот назив на домашен и странски пазар | *-за подготовка и реализација на кампања за промовирање на македонските земјоделско-прехранбени производи со заштитен географски назив* | 70% од прифатливи трошоци за една кампања, но не повеќе од 500 000,00 денари по кампања |
| 3.8. | Финансиска поддршка за етикетирање и обележување на производи со заштитен географски назив и традиционален специјалитет | Прифатливи трошоци: *-изработено идејно решение за етикета на производи со заштитен географски назив и традиционален специјалитет* | -70% од трошоците за идејно решение за етикета и трошоци за етикетирање, но не повеќе од 200 000,00 по корисник |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *- покривање на трошоци за етикетирање на производи со заштитен географски назив и традиционален специјалитет* | |
| | Стандарди за безбедност во земјоделско производство и контрола на квалитет | | |
| 3.9. | Дополнителна финансиска поддршка за спроведени стандарди за безбедност во примарното производство | *- спроведен ГЛОБАЛГАП во 2010 година, за производство на свежи производи и производи наменети како суровина за преработувачки капацитети*<br>*- спроведен ХАСАП систем*<br>*- врз основа на приложен сертификат* | Зголемена поддршка за 20% во однос на поддршката за потточките од точка 1 и точка 2 |
| 3.10. | Компензација на дел од трошоци за лабораториски анализи и сертификација, при спроведување на стандарди за безбедност во примарното производство | *- спроведен ГЛОБАЛГАП во 2010 година*<br>*-врз основа на приложен сертификат*<br>Прифатливи трошоци:<br>*- лабораториска анализа (на почва, вода, свежи и преработени производи)*<br>*- консултација за прв пат*<br>*- сертификација* | 50% од направените прифатливи трошоци |
| | ВКУПНО ДЕНАРИ | | 20 000 000,00 |

V

Средствата од дел I точка 4 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за органско земјоделско производство во износ од 70 800 000,00 ќе се користат според намените, критериумите, условите и висините утврдени во следните мерки:

| Точка | Вид на мерка | Критериум | Висина на поддршка |
|---|---|---|---|
| 4. | Финансиска поддршка за органско земјоделско производство | | |
| Пот-точка | Финансиска поддршка за сертифицирано примарно производство или производство во преод | | |
| 4.1. | Дополнителна финансиска поддршка од 30% за потточките од точка 1 и 2 сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод, освен за потточките од точка 1 и 2 поврзани со поддршката опфатена во потточките од 4.2 и 4.3 | *- сертифицирано растително и сточарско органско производство и органско производство во преод*<br>*-во овоштарското и лозарското производство да не се користени средства од потточките 1.8. и 1.9. и според големина на посадена површина и тоа:*<br>*- од 0,1 до 10 ха - 100%;*<br>*- од 11 до 20 ха - 60%;*<br>*- од 21 до 30 ха - 30%;*<br>*- над 30 ха - 10%(*<br>*- во градинарското производство според големина на посадена површина и тоа:*<br>*- од 0,1 до 5 ха - 100%;*<br>*- од 5,1 до 10 ха - 60%;*<br>*- од 10,1 до 20 ха - 30%;*<br>*- над 20 ха - 10%*<br>*- и врз основа на потточката 1.3. зголемување од 10 000,00 денари/ха* | *зголемување од 30% во однос на поддршката предвидена за потточките од точка 1 и 2* |
| 4.2. | Финансиска поддршка за површини наменети за зелено ѓубрење/угар во плодоред | *- само за една година за иста површина* | 3 500,00 ден/ха |
| 4.3. | Дополнителна финансиска поддршка во органското овчарство и козарството | *- врз основа на потточките 2.6. и 2.8.* | *зголемување од 800,00 ден/грло овца и 700,00 ден/грло коза* |
| | Финансиска поддршка за доработка, преработка и продажба на органски производи од домашно потекло | | |
| 4.4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од | | *- 2% од вредноста на продадени производи* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | | *со максимален износ од 150 000,00 ден. по оператор* |
| 4.5. | Финансиска поддршка за продажба на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | | *- 5% од вредноста на продадени производи со максимален износ од 150 000,00 ден. по оператор* |
| | Посебни мерки | | |
| 4.6. | Финансиска поддршка за стручна контрола и сертификација | | *50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2010 година* |
| 4.7. | Финансиска поддршка за лабораториски анализи на почва и вода и анализа на органски производи | *- извршена лабораториска анализа во домашна овластена лабораторија* | *- 50% од вредноста но не повеќе 9 000,00 денари по корисник* |
| | ВКУПНО ДЕНАРИ | | 70 800 000,00 |

VI

Минималните критериуми за финансиска поддршка по потточките од точките 1, 2, 3 и 4 од оваа програма се намалуваат за 50% доколку производните капацитети се во подрачја со отежнати услови на производство.

За семејни земјоделски стопанства чии производни капацитети се во подрачја со отежнати услови на производство се исплаќа целосен износ на поддршката по потточките од точките 1, 2, 3 и 4 од оваа програма, без редуцирање на висината на поддршката во однос на големината на пријавената површина и бројот на грла.

Дополнителна финансиска поддршка по корисник за потточките од точките 1, 2, 3 и 4 се зголемува за:

- 15% доколку семејното земјоделско стопанство се наоѓа во подрачја со отежнати услови на производство (според листа на подрачја со отежнати услови на производство од МЗШВ),
- 10% за производни капацитети во сопственост на носител на семејно земјоделско стопанство на возраст до 40 години, или жена,
- 5% доколку корисникот е запишан во регистарот на вршители на земјоделска дејност согласно Законот за вршење земјоделска дејност, или е осигуреник-земјоделец согласно Законот за пензиско-

инвалидско осигурување и доколку нема неподмирени обврски по основ на придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување.

-

Финансиската поддршка од став 3 на овој дел се однесува на потточките од точките 1, 2, 3 и 4, со исклучок на потточките 1.14., 2.5., 2.7., 2.9., 2.12., 2.18., 2.19., 3.1., 3.2., 3.4., 3.5., 3.6., 3.7., 3.8., 3.10., 4.4., 4.5., 4.6. и 4.7.

VII

Средствата од дел I точка 5 на оваа програма наменети за финансиска поддршка за општи мерки за развој на земјоделството во износ од 61 000 000,00 ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени во следните мерки:

| Точка | Вид на мерка | Критериум | Износ |
|---|---|---|---|
| 5 | Општи мерки за развој на земјоделството | | |
| Пот-точка | | | |
| 5.1. | Надомест на трошоци за регистрирање во 2010 година на индивидуални земјоделци, земјоделци осигуреници во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија и трговски друштва со претежна дејност примарно земјоделско производство | Критериум:<br>*-индивидуални земјоделци регистрирани според Законот за вршење на земјоделска дејност;*<br><br>*-земјоделци осигуреници во ФПИО;*<br><br>*-трговски друштва со претежна дејност примарно земјоделско производство*<br><br>Висина на поддршка:<br>2 000,00 ден.по барател | 3 000 000,00 |
| 5.2. | Надомест за осигурување на примарно земјоделско производство во 2010 година | Критериум:<br>*-осигурано примарно земјоделско производство во 2010 година од основни ризици;*<br><br>*-осигурани посеви и насади од дефинирани земјоделски култури со максимални* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *површини по корисник:*<br><br>*а) лозови и овошни насади до 5 ха*<br>*б)градинарски култури до 2 ха,*<br>*в) тутун до 1 ха*<br>*г)житни култури до 10 ха*<br>*Висина на поддршка:*<br>*-60% од вредноста на полисата за осигурување* | 35 000 000,00 |
| 5.3. | Материјални трошоци за спроведување на програмата наменети за: печатење на образци и други материјали потребни за аплицирање по програмата, печатење и достава на известувања до барателите и обезбедување на гориво за вршење на контрола на терен | Критериум:<br>*- за обезбедување на гориво за вршење на контрола на терен по барање од Државен инспекторат за земјоделство и налог на министер (фактура)* | 6 000 000,00 |
| 5.4. | Финансиска поддршка за обуки на оператори, советници и Државен инспекторат за земјоделство за развој на органско земјоделско производство | - според поднесена програма за предлог активности<br>- прифатливи трошоци за реализирани активности од спроведената обука се во максимален износ до 200.000,00 денари | 400 000,00 |
| 5.5. | Финансиска поддршка за подготовка и реализација на национална кампања за промоција на новата национална регулатива за органското земјоделско производство | - прифатливи трошоци за одржување на трибини, изработка на рекламен спот, флаери и други материјални трошоци за спроведување на кампањата во вкупен износ од 2 000 000,00 денари | 2 000 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.6. | Финансиска поддршка за водење на матично книговодство, селекција и следење на состојбите во сточарството | | 2 430 000,00 |
| 5.7. | Финансиска поддршка за изработка на национален знак за органски производи и органски производи во преод | | 200 000,00 |
| 5.8 | Финансиска поддршка на поголемите организации на здружување на земјоделците во растително (вклучително тутунско), сточарско и органско земјоделско производство | -според поднесена годишна програма и одобрени мерки во насока на спроведување на политиките и програмите на владата<br>- прифатливи трошоци по здружение се во максимален износ до 100.000,00 денари | 1 000 000,00 |
| 5.9. | Изработка на национален знак за производи со заштитен географски назив и традиционален специјалитет | | 450 000,00 |
| 5.10. | Финансиска поддршка за организирање на манифестации од областа на земјоделството во 2010 година според одобрена и усогласена Програма на активности од МЗШВ:<br>Национален ден на подсекторско производство и помали регионални манифестации | Цел: промоција на земјоделското производство, размена на позитивни искуства, склучување на деловни договори во земјоделското производство, воведување на нови технологии, поттикнување на инвестиции во постбербени активности и маркетинг на земјоделско-прехранбени производи.<br>Корисник на средствата е носителот на манифестацијата.<br>Прифатливи трошоци:<br>-саемски награди и признанија;<br>-подготовка, дизајн и печатење на брошури, флаери и друг | 2 300 000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | пропаганден материјал;<br>-закуп на простор за одржување на манифестацијата;<br>-трошоци за промоција преку јавните средства за информирање<br>-учество на експерти на научни дискусии<br>Висина на поддршка за национални денови на подсекторско производство:<br>До 300 000,00 денари:<br>-Денови на тутунот-Прилеп<br>-Денови на овчарство, Маврово<br>До 250 000,00 денари:<br>-Гроздобер Кавадарци<br>До 200 000,00 денари:<br>-Преспански јаболкобер, Ресен<br>-Државен натпревар на тракторististите во Република Македонија,Битола<br>До 150 000,00 денари:<br>-Денови на кочанскиот ориз,Кочани<br>-Денови на пченицата<br>-Денови на македонскиот мед,Скопје<br>-Дени на органско земјоделско производство,Скопје<br>-Св.Трифун, Неготино<br>Висина на поддршка за помали регионални манифестации до 60 000,00 денари | |
| 5.11. | Финансиска поддршка за учество на саеми и други манифестации за примарно земјоделско и органско земјоделско производство | Прифатливи трошоци:<br>-за изложувач на примарни земјоделски производи за закуп на изложбен простор и патни и трошоци за сместување<br>Висина на поддршка:<br>150.000,00 ден/изложувач | 1 500 000,00 |
| 5.12 | Финансиска поддршка за издавање на стручни материјали од | -за издавање на едукативни, информативни, научни и пропагандни материјали кои | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | областа на земјоделството | имаат за цел остварување на стратешките развојни цели на МЗШВ<br>Прифатливи трошоци:<br>-за подготовка, дизајн и печатење на публикациите во максимален износ до 100.000,00 денари | 1 000 000,00 |
| 5.13. | Финансиска поддршка на научно-истражувачки и апликативни проекти од областа на растителното и сточарското производство и органско производство | -за предлог-проекти прифатливи трошоци за ангажирање на експерти и трошоци за истражувања во максимален износ до 200.000,00 денари<br>-за имплементација на проекти прифатливи трошоци за инвестициони (капитални) вложувања за остварување на целите на проектот, а кои не се поддржуваат преку останатите програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој за 2010 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во максимален износ до 350.000,00 денари | 2 000 000,00 |
| 5.14. | Финансиска поддршка за промоција, маркетинг и привлекување на странски инвестиции | | 2 000 000,00 |
| 5.15. | Финансиска поддршка за воспоставување на показно-демонстративни органски села во Република Македонија - активности за поддршка на започнати проекти (од 2008 година) и нови иницијативи | -врз основа на доставен и одобрен план за реализација на органски села во Република Македонија<br>- Прифатливи трошоци за изработка на предлог проекти и нивна имплементација одобрени во планот за поставување на органски села, во максимален износ до | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 250.000,00 денари | 1 600 000,00 |
| 5.16. | Финансиска поддршка за мониторинг на спроведувањето на мерките и политиките на Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделско производство (2008-2011) | - за извршена анализа во областа за период од 2008 година до 2010 година<br>-Прифатливи трошоци за изработка на анализата во максимален износ до 120 000,00 денари | 120 000,00 |
| | ВКУПНО ДЕНАРИ | | 61 000 000,00 |

VIII

Средствата од дел I точка 6 на оваа програма во износ од 504 800 000,00 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за нереализирани обврски по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2009 година.

IX

Право за користење на финансиските средства

Право за користење на финансиските средства од дел II точка 1, дел III точка 2, дел IV точка 3, дел V точка 4, дел VI и дел VII точка 5 имаат земјоделски стопанства, запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство освен за:

- потточката 1.10.
- потточките 1.11., 1.12. и 1.13. кои дополнително покрај во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, задолжително мора да се запишани и во Регистарот на производители на семенски и саден материјал;
- потточките 3.1., 3.2., 3.5, 3.7., 3.8. каде право за користење на финансиските средства имаат физички и правни лица кои имаат воведено стандарди за квалитет на земјоделски прехранбени производи и преработки и се регистрирани во регистар на корисниците на заштитени географски називи согласно Закон за индустриска сопственост;
- потточка 3.4. каде право за користење на финансиските средства има институција која ги исполнува условите за изработка на елаборат за заштита на географски назив согласно член 241 од Законот за индустриска сопственост;

– потточка 3.6. каде право за користење имаат физички и правни лица кои имаат извршена регистарција во меѓународен регистар на корисниците на заштитени географски називи согласно Лисабонскиот договор;
– потточките 4.4 и 4.5. каде право за користење на финансиските средства имаат правни лица – преработувачи и трговци со органски производи;
– потточката 5.6. за која право за користење на средствата имаат овластени институции за водење матично книговодство и селекција во сточарството;

– потточка 5.4., 5.7., 5.8., 5.9, 5.11., 5.12., 5.13., 5.15. и 5.16. корисници на финансиските средства се и здруженија на граѓани и фондации, јавни научни и образовни установи, институции, правни лица кои извршуваат консултантски услуги.

Право за користење на финансиските средства од дел VII точка 5 потточка 5.14. има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

X

Општи услови за остварување на правото за користење на финансиските средства

Финансиски средства од оваа програма не се исплаќаат доколку барателот на денот на поднесување на барањето има неподмирени надоместоци и обврски кои произлегуваат од:

- Склучени договори за користење на државно земјоделско земјиште и добиена добиена механизација по програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија од Јапонска помош и проектите кои произлегуваат од истата и

- Од Наредбата за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните за точка 2 од оваа програма).

Евиденциите за лицата кои имаат неподмирено надоместоци или обврски наведени во став 1 од овој дел, ќе се обезбедат по службена должност и органите се должни истите да ги доставaт до Агенцијата најдоцна до крајниот рок за поднесување на барање по одделни потточки.

XI

Поднесување на барање за користење на финансиските средства

За потточките од оваа програма за кои право на користење на финансиските средства имаат земјоделските стопанства, барање за користење на финансиски средства со потребните документи поднесува носителот на земјоделското стопанство до Агенцијата за финансиска

поддршка во земјоделството и руралниот развој преку подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

За потточките од точка 1 барање се поднесува по завршување на сеидба/садење на културите за кои се бара поддршка и по обезбедување на комплетна документација. За една производна површина може да се поднесе барање само за една култура.

Крајниот рок за поднесување на барање за точка 1 потточки 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.6., 1.7., 1.8. и 1.9. е 31.05.2010 година, за потточки 1.5., 1.11., 1.12. и 1.13. е 05.11.2010 година и за потточката 1.14. е 30.08.2010 година.

Крајниот рок за поднесување на барање за точка 2 потточки 2.1., 2.6., 2.8., 2.10., 2.17., 2.19., 2.20., 2.21. е 31.05.2010 година, со задолжителен период на чување во одгледувалиштето најмалку до 31.10.2010 година, а за потточките 2.6. и 2.8. задолжителен период на чување во одгледувалиштето е најмалку до 31.12.2010 година.

Секое намалување на пријавениот број на животни настанато под влијание на виша сила, барателот е должен истото да го пријави по писмен пат во Агенцијата во рок од 7 дена од настанувањето на промената.

Крајниот рок за поднесување на барање за точка 2, потточки 2.3., 2.4., 2.5., 2.7., 2.9., 2.11., 2.12., 2.13., 2.14., 2.15., 2.16. и 2.18. е 05.11.2010 година.

Крајниот рок за поднесување на барање за точка 2, потточка 2.2. е 15.03.2010 година за произведено и продадено млеко во период од 01.10. до 31.12.2009 година, 15.06.2010 година за произведено и продадено млеко во период од 01.01. до 31.04. 2010 година и 05.11.2010 година за произведено и продадено млеко во период од 01.05. до 30.09.2010 година.

Крајниот рок за поднесување на барање за потточките од точка 3 е 01.12.2010 година.

Крајниот рок за поднесување на пријава потточките од точка 4 е 31.05.2010 година, а рокот за поднесување на барање за исплата и комплетна документација е 01.12.2010 година.

Крајниот рок за поднесување на барање за точка 5 потточка 5.1. и 5.10. е 01.12.2010 година, а за потточката 5.2. е 31.08.2010 година.

## XII
## Начин на реализација на дел од општи мерки за развој на земјоделството

Средствата за потточките 5.4., 5.8., 5.11., 5.12., 5.13., 5.15. и 5.16. ќе се реализираат со јавен повик.

Изборот на понудените проекти за потточките 5.4., 5.8., 5.11., 5.12., 5.13., 5.15. и 5.16. ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Резултатите се реални и апликативни, со брзи ефекти и насочени кон остварување на дефинираните стратешки цели за развој во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 година и на приоритети од Националната Програма за прилагодување кон законодавството на ЕУ (НПАА) за 2009 година | 30 |
| Поголемо директно и индиректно влијание на поголем број на субјекти во земјоделскиот сектор преку пoслoбoден пристап на добрата, односно услугите од проектот | 15 |
| Реализација на основа на здружување на повеќе регионални, гранкови, или подсекторски здруженија и јавно-приватно партнерство, или други форми на парнерство со поголем број на учесници | 15 |
| Поголема одржливост после реализацијата на поддршката од страна на МЗШВ | 15 |
| Претходна имплементација и/или учество во успешно реализирани проекти и програми од значење за целната група | 15 |
| Поголемо сопствено или учество од други извори на финансирање | 10 |

Постапката за избор на корисници ја спроведува комисија која врз основа на објавените јавни повици и условите во нив, составува записник за отворање на апликациите, записник за евалуирање на апликациите и записник за избрани корисници со висина на одобрената поддршка. Финансиската поддршка по мерки ќе биде дефинирана со договори потпишани со избраните корисници на средствата од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, врз основа на записникот за избрани корисници на комисијата.

Средствата од потточките 5.10. и 5.14. ќе се реализираат со договор и решение за исплата.

Средствата од потточките 5.5., 5.6, 5.7. и 5.9. ќе се реализираат со јавна набавка.

XIII

Исплата на финансиските средства за поддршка

Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој освен на средствата од потточките 5.4., 5.5., 5.6., 5.7., 5.8., 5.9., 5.10., 5.11., 5.12., 5.13., 5.14., 5.15. и 5.16. за кои исплатата на средствата ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по склучени договори и тоа:

-за потточките 5.4., 5.6., 5.7., 5.8., 5.9., 5.11., 5.12., 5.13., 5.14., 5.15. и 5.16., 50% од вкупната сума авансно и 50% од вкупната сума по завршување на проектот и достава на финансиски извештај;

-за потточка 5.10. авансно 70% од вкупната сума и 30% по завршување на манифестацијата и доставен финансиски извештај.

Исплатата на средства се врши на трансакциски сметки на барателите најдоцна до 25.12.2010 година по завршени административни контроли и контроли на лице место.

Исплатата на средства од потточка 5.2. се врши на осигурителните компании во корист на земјоделските производители кои извршиле осигурување на земјоделското производство.

Исплатата на средствата од потточка 1.10. се врши врз основа на списоци за извршен откуп на суров тутун во лист од реколта 2009 година, заверени и доставени од регистрирани тутунски претпријатија-откупувачи на тутун до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделство и рурален развој.

Доколку дојде до извршување на некои точки предвидени со оваа Програма во поголем обем, а други бидат нецелосно реализирани, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рамките на вкупно расположивите средства по оваа програма врши соодветна пренамена по точки.

XIV

Контрола при спроведување на програмата

Контролата при спроведување на програмата вклучува административна контрола на секое добиено барање и контрола на лице место кај определен број на земјоделски стопанства и преработувачки капацитети (откупувачи на градинарски култури, тутун, млеко, кланици) дефинирани врз основа на проценка на ризик и случаен избор.

Административната контрола претставува контрола на исполнетост на критериумите и условите утврдени во оваа програма, и споредбена контрола на внесените податоци во барањето со податоци од приложените документи и соодветните регистри и евиденции.

Контролата на внесените податоци во барањето се извршува во однос на податоците за:

а) катастарските парцели кои се водат во Агенцијата за катастар на недвижности,

б) бројот на животни запишани во Регистарот за идентификација и регистрација на домашните животни на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, и тоа за потточката 2.1 според податоците од регистарот од 30.06.2010 година, а за потточките 2.6. и 2.8. според податоците од регистарот од 30.08.2010 година.

в) личните податоци за барателот на поддршка од документите за лична идентификација,

г) количините на продадено производство врз основа на доказ издаден од страна на откупувачите, или доказ за продадени производи од страна на трговците.

д) сертифицирано органско производство, или органско производство во конверзија, или имплементирани стандарди за квалитет и безбедност од сертификати и други докази издадени од страна на овластени сертификациони тела и од Државен завод за индустриска сопственост.

## XV

## Пресметување на финансиска поддршка, намалување или исклучување

Финансиската поддршка се пресметува за капацитетите кои земјоделското стопанство ги пријавува во барањето, согласно пропишаните услови и барања и не ги надминуваат капацитетите утврдени со административни контроли или контроли на лице место.

Доколку при контролата на лице место се утврди дека големината на капацитетите е:

- поголема од големината на капацитетите наведени во барањето, висината на финансиската поддршка се пресметува врз основа на големината на капацитетите наведени во барањето,
- помала до 5% од големината на капацитетите наведени во барањето, висината на финансиската подршка се пресметува врз основа на капацитетите утврдени при контролата лице место намалена за износот од утврдената разлика,
- помала помеѓу 5% - 20%, или за 2 хектари од големината на површината наведена во барањето, висината на финансиската

поддршка се пресметува врз основа на капацитетите утврдени при контролата намалена за износот на утврдената разлика зголемен за два пати,

- помала повеќе од 20% од големината на капацитетите наведени во барањето, земјоделското стопанство целосно се исклучува од правото на користење на средства од оваа програма.

Доколку еден барател поднесе барање за повеќе од една култура за една производна површина, не се врши исплата за потточките за кои административно или при контрола на терен ќе се утврди дека се пријавени производните површини повеќе од еднаш.

Доколку барателот не ги исполни посебните услови за користење на средства од точка 4, а ги исполнува другите услови и критериуми утврдени во оваа програма за точките 1 и 2, ќе се исплати финансиска поддршка за точките 1 и 2.

XVI

Средствата предвидени со оваа програма се неповратни.

XVII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен Весник на Република Македонија” .